**Одлука бр.12**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 20.12.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за организација на турнирите од ПРОЕКТОТ ДЕТСКИ ТЕНИС
## црвени, портокалови и зелени турнири
## (календар, организација, котизација, учество)

## I. Календар, организација

**Член 1**

ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири се организираат за поттикнување на најмладите тенисери кон натпреварувачкиот тенис.

Календарот за ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири е во надлежност на Комитет за развој на ТФСМ.

Тенискиот клуб организатор на ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис), ЦРВЕНИ (мини тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири ја превзема целокупната организација на турнирот и се во целосно покровителство и надзор на Комитетот за развој на ТФСМ.

## II. Регистрација

**Член 2**

За регистрација, односно издавање годишна членска карта за учество на ЦРВЕНИ (мини тенис), ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири секој член или неговиот клуб е должен да плати такса на ТФСМ во износ од 300,00 денари.

## III. Котизации кои ги плаќаат тениските клубови кон ТФСМ

**Член 3**

- Котизацијата за организација на национални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и национални ЦРВЕНИ (мини тенис) турнири изнесува 4.000,00 денари+100 денари по учесник.
- Котизацијата за организација на национални ЗЕЛЕНИ ТУРНИРИ турнири изнесува 6.000,00 денари+100 денари по учесник.
- Котизацијата за организација на регионални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) и регионални ЦРВЕНИ (мини тенис) турнири изнесува 3.000,00 денари +100 денари по учесник.
- Котизацијата за организација на регионални ЗЕЛЕНИ ТУРНИРИ турнири изнесува 3.000,00 денари+100 денари по учесник.

Член 4

Тениските клубови кои се организатори на турнирите од ПРОЕКТОТ ДЕТСКИ ТЕНИС должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ наредниот ден по завршувањето на турнирот.

**Член 5**

ТФСМ назначува делегат/врховен судија. ТФСМ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на ТФСМ.

Клубот организатор назначува 2 помошници на делегатот/врховен судија. Помошник на овие турнири може да биде секој тренер едуциран за мини тенис во клубот организатор. Исплатата на помошниците ја врши клубот организатор на турнирот.

## IV. Котизации кои ги плаќаат натпреварувачите кон тенискиот клуб организатор на турнирот

**Член 6**

- Котизацијата за учество на секој натпреварувач на национални ЦРВЕНИ (мини тенис) и национални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) турнири изнесува:
- За турнири од зимскиот календар 400,00 денари.
- а турнири од летниот календар 300,00 денари.

Котизацијата за учество на секој натпреварувач на национални ЗЕЛЕНИ турнири изнесува:
- За турнири од зимскиот календар 700,00 денари.
- За турнири од летниот календар 500,00 денари.

Котизацијата за учество на секој натпреварувач на регионални ЦРВЕНИ (мини тенис) и регионални ПОРТОКАЛОВИ (миди тенис) турнири изнесува:
- За турнири од зимскиот календар 400,00 денари.
- За турнири од летниот календар 300,00 денари.

Котизацијата за учество на секој натпреварувач на регионални ЗЕЛЕНИ турнири изнесува:
- За турнири од зимскиот календар 700,00 денари.
- За турнири од летниот календар 500,00 денари.

**Член 7**

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2022 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 20.12.2021 година